**До**
**НАРОДНА БАНКА НА РСМ**

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (“Службен весник на Република Македонија бр. 13/06; бр.86/08, бр.6/10 и бр.42/14), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**1.Ве молам за информација, дали Народна банка има донесено Уредба во месец јуни 2023 година со која се наложува на банките да активираат забрана кај жирант за кредит веднаш, ако не е платена една рата на кредит со закаснување до 1 месец, бидејќи во Уни Банка добив информација, усна дека постои одлука од Народна Банка и ако постои можност да бидам известена во кој Службен весник е таа одлука објавена?**

**2.Дали може банката да наложи согласно закон кредитокорисник да мора да се префрли со сметка на која прима плата во истата банка во која подигнал кредит, без да биде таа ставка евидентирана во договорот и дали тоа претставува основ за тужба во суд или е дискреционо право на банката ?**

Форма во која се бара информацијата:
- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- **г) електронски запис**
- д) друго-----------------------------------------------------------------------

Начин на доставување на информацијата:
- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- **г) е-маил (скенирано)**
- д) друго

Барател на информацијата:

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум 13.09.2023 година

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 20 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101 од 22.05.2019 година), секретарот на банката, како службено лице за посредување со информации од јавен карактер на 18 септември 2023 година донесе

## РЕШЕНИЕ

1.Барањето за пристап до информации од јавен карактер поднесено од барателот [redacted] примено во Народната банка на Република Северна Македонија по електронски пат на 13 септември 2023 година, СЕ ОДОБРУВА.

2. Во врска со бараните информации, барателот се известува за следното:

Народната банка во месец јуни 2023 година нема донесено, ниту објавено одлука со која на банките им наложува постапување во односите со своите клиенти на начин опишан од барателот. Генерално, одлуките коишто ги носи Народната банка во делот на банкарската супервизија се општи правни акти кои пред сè уредуваат правила и стандарди за банкарско работење, со посебен акцент на управувањето со ризиците на кои се изложени банките.

Во однос на второто барање, укажуваме дека не постои обврска предвидена во законската регулатива со која едно лице е обврзано да ја прима платата или друг принос од дејност или капитал, во банката каде што тоа лице земало кредит. Напоменуваме дека во односите помеѓу банките и клиентите, покрај законските прописи се применуваат и интерните акти на банките, како и договорите склучени помеѓу банката и клиентот. Народната банка нема надлежност да дава мислење дали постоењето или непостоењето одредби во договорот помеѓу банката и клиентот може или не може да биде основ за поведување на судски спорови.

## Образложение

На 13 септември 2023 година од страна на лицето [redacted] по електронски пат доставено е Барање на информации од јавен карактер, со кое барателот бара информации, и тоа: (1) дали Народна банка има донесено Уредба во месец јуни 2023 година со која се наложува на банките да активираат забрана кај жирант за кредит веднаш, ако не е платена една рата на кредит со закаснување до 1 месец, бидејќи во Уни Банка е добиена усна информација дека постои одлука донесена од Народната Банка и ако постои можност да биде известена во кој Службен весник е таа одлука објавена; и (2) дали може банката да наложи согласно закон кредитокорисник да мора да се

**Народна банка на Република Северна Македонија**
бул. Кузман Јосифовски Питу бр.1, 1000 Скопје, Република Северна Македонија
Телефони: 02 3108-108 (Централа); 02 3108-549
Факс: 02 3108-357 (Централа); 02 3108-340
www.nbrm.gov.mk

префрли со сметка на која прима плата во истата банка во која подигнал кредит, без да биде таа ставка евидентирана во договорот и дали тоа претставува основ за тужба во суд или е дискреционо право на банката.

Имајќи предвид дека бараните податоци претставуваат информации од јавен карактер со кои Народната банка располага, се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

Бр.02- 31829/1
25 септември 2023 година

Секретар на банката
м-р Маја Андреевска

[redacted]

**Правна поука**: Незадоволниот барател има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на ова Решение до Агенцијата за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер.